Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Архивски бр. 08-3047/2
Датум 23-11-2022

# ЗАПИСНИК
## ОД УВИД ВО ОСНОВНИОТ СУД ГЕВГЕЛИЈА

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 8.11.2022 година (вторник) во 11.00 часот, согласно Планот за надзор бр. 08-33/4 од 31.01.2022 година, го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Основниот суд Гевгелија.

Претходно, со писмо од 15.02.2022 година претседателот на Основниот суд Гевгелија беше известен за претстојниот надзор и беше доставен список на документација која треба да биде подготвена за увид.
Увидот во функционалноста на АКМИС-от започна со интервју со Претседателката на судот г-ѓа Марица Аврамчева Зафирова во врска со обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник. Именуваната е избрана за претседател на ден 05.07.2022. Претседателката укажа дека до нејзиниот избор претходната претседателка не ги заведувала сите документи во АКМИС. Имено, предметите ИПРК бр. 2/19 од 12.07.2019, ИПРК бр. 2/19 од 02.10.2019, ИПРК бр. 171/19 од 02.10.2019) не биле движени низ АКМИС, за што постои записник од ССРСМ.

***ПРЕПОРАКА: Судскиот совет да оцени дали постои основ за поведување на постапка за одговорност за претходниот претседател на Основниот суд Гевгелија.***


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Претседателката на судот истакна дека во судот работат 8 судии заедно со неа и 7 судски стручни соработници. Судот, со оглед на намалениот број на предмети, е ажурен но истиот не може да ја реализира обврската за специјализација на судии по области, ниту пак да задолжи судија за работа во однос на судска пракса, заради што е потребно да се зголеми бројот на судиите за еден.

Во судот има вкупно 6 судници и сите се реновирани. Архивата е сместена во подрумските простории и истата е целосно реновирана со средства од УСАИД во 2008 година. Редовно се врши излачување на предмети и нема застој во архивирањето. Обезбеден е и простор за нотарски предмети, но претседателот смета дека законското решение да се преземаат предметите од судот по заминувањето на нотарот во пензија нема да може да се почитува на долг временски период бидејќи ниеден суд не располага со толку голем простор за архивирање.
Една судница е опремена со тонско снимање но и тоа не било целосно во функција заради што се укажува **да се обезбеди фирма за одржување и ставање во функција на системот за тонско снимање на судењата**.

Надзорната комисија побара документацијата наведена во гореспоменатиот допис да биде доставена на увид и притоа, во однос на бараните документи беше утврдено следното:

1. **Одлуките за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2019, 2020 и 2021 година.**

Беше констатирано дека е донесена одлука за формирање на работното тело за управување со движење на предметите во судот за 2022 година. Надзорната комисија беше информирана дека се прават измени на одлуките само ако има персонални промени.

2. **Годишен план за управување со движењето на предметите за 2019, 2020 и 2021 година по предлог на Работното тело.**

Констатирано е дека Годишни планови за управување со предметите за 2019, 2020 и 2021 година се донесени и заведени под Су.бр. 9/19-1 од 2019, Су.бр.6/20-2 од 2020 и Су.бр.4/21-2 од 2021 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**3. Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно за 2019, 2020 и 2021 година (член 17 од СД).**

Надзорната комисија беше известена дека претседателката до сега извршила еден надзор за што е составена службена белешка (Су.бр.186/21 од 24.12.2021 година) и со истата е констатирано дека работите во судот се извршуваат на задоволителен начин без застој.

***ПРЕПОРАКА: Редовно да се врши надзор и да се составуваат службени белешки.***

**4. Извештаите на повисокиот суд за работата на Основниот суд Гевгелија, за 2019, 2020 и 2021 година.**

Комисијата беше известена дека бил извршен само еден надзор во 2019 година заведен под Су.бр. 03-273/19-9 од 03.12.2019 година заради состојбата со КОВИД.

***ПРЕПОРАКА: Се препорачува Апелациониот суд Скопје да врши редовно надзори на работата на пониските судови.***

**5. Записници од одржани седници на месечно ниво (членови 19 и 22 од СД) и увид во записници.**

Претседателот информираше дека одржува седници редовно, но се одржуваат и вонредни седници, кога е утврдена потреба за нивно одржување. Надзорната комисија изврши увид во записниците и се утврди дека седниците редовно се одржуваат на различни теми. Исто така, сите седници се снимаат тонски за што судиите се известени, и снимените материјали-дискови се чуваат заедно со другите списи од седниците.

**6. Организирани обуки и судски службеници за користење на АКМИС (член 26 од СД).**

Тековни обуки за работење во АКМИС на ново вработените ги врши информатичарот во судот и лице од иста област на работење, но со подолго работно

искуство како ментор. Беше подвлечено дека таквите обуки се интервентни, односно нема организирана и систематска обука. Беше истакната потребата за обука на информатичарот во судот.

***ПРЕПОРАКА: Надлежните органи да преземат чекори во организирање на континуирана обука за ИКТ технологијата на информатичарот и другите вработени во судот.***

7. <u>Судски администратор (член 60 од СД)</u>

Судот нема судски администратор односно има раководител на служба Павле Тунев.

***ПРЕПОРАКА: Земајќи ги предвид последните изгласани измени на Законот за судовите со кои се предвидува Основниот суд во Кавадарци и Гевгелија да станат основни судови со проширена надлежност, почнувајќи од 1 јануари 2020 година, се препорачува соодветно планирање и пополнување на работното место „Судски администратор".***

8. **<u>Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, за контролираниот период (член 61 од СД).</u>**

Списокот за сите три години беше даден на увид и беше констатиран соодветен распоред на вработените по кориснички групи (Су.04 бр.1/19-5 од 13.02.2019 година, Су.04 бр.17/20 од 06.03.2020 година и Су. 04 бр.1/21-2 од 29.01.2021 година).

Безбедноста е решена на различни нивоа. (Секој вработен се најавува со свое Корисничко име и Лозинка во системот).

9. **<u>Достава на извештај за реализација на програма за работа најдоцна до 1 март до Судски совет, од страна на претседател на суд.</u>**

Претседателот на судот врши редовна достава на извештај за реализација на програмата за работа до Судскиот совет на Република Северна Македонија најдоцна до 1 март.

10. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, исто за период од три последни години (член 61 од СД).

Внатрешните процедури за Основниот суд Гевгелија редовно се носат заедно со годишниот распоред за работа и истите беа ставени на увид: Су.бр.3/21-1 од 26.01.2021 година, Су бр.5/20-1 од 03.01.2020 година и Су бр.8/19 од 21.01.2019 година.

11. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД).

Бројот, видот на судски оддели со судиите кои постапуваат по секоја област се утврдени со годишните распореди. Надзорната комисија утврди дека работата во судот се организира во 3 судски оддели: Кривичен во кој се распоредени тројца судиии, граѓански оддел во кој се распоредени четворица судии и оддел за извршување на санкции.

***ПРЕПОРАКА: Имајки го во предвид малиот број на судии кој е останат од времето кога Основниот суд во Гевгелија беше суд со основна надлежност, се препорачува зголемување на бројот на судиите за еден за да може да се формира и оддел за судска пракса кој се покажа како многу корисен во судовите во кои е формиран.***

12. Формиран оддел за судска пракса во судот (член 74 од СД)

Надзорната комисија беше информирана дека не е формиран оддел за судска пракса заради малиот број на судии.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**13. Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура за 2019, 2020 и 2021 година, дали се донесени до 31.12 во тековната година, колку пати се менувани и дали е запазена процедурата (мислење од седница на судии и достава до сите судии (член 113 од СД)**

Годишниот распоред на Основниот суд Гевгелија за 2019 година е донесен во декември 2018 година и заведен под Су. бр.288/18, и истиот не е менуван. За 2020 година е донесен во 2019 и заведен под Су.бр. 60/19 и е изменет само еднаш заради избор на новиот претседател.

***ПРЕПОРАКА: Кога се врши измена на Годишниот распоред за работа на судиите задолжително во образложението да се наведува основот и причината за неговото менување.***

**14. Месечните распореди и времетраење на дежурста во судот, евидентирани во АКМИС (116)**

Надзорната комисија беше информирана дека се организираат дежурства, и месечни распореди за дежурства се изготвуваат и истите се испраќаат навремено до МВР и ОЈО.

**15. Простории за судии поротници и за адвокати (член 120 од СД)**

Надзорната комисија беше информирана дека во судот нема просторија за адвокати.

***Напоменуваме дека во истата зграда се сместени и основното јавно обвинителство и јавното правобранителство за што се дава истата забелешка дека е потребно да бидат во посебни згради од причина што се работи за странки во судската постапка.***

**16. Огласна табла на судот (член 122 од СД)**

Судот располага со огласни табли кои се во функција на видливо место.

17. **Формирана канцеларија за односи со јавност која на барање на странка доставува анонимизиран примерок од одлука (член 101).**

Претседателот ја извести Комисијата дека е формирана канцеларија за односи со јавност, а како потпарол е определена судијата Тодорка Димова.

18. **Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети и негово физичко присуство (член 89 од СД).**

Надзорната комисија беше известена дека во судот – информатичар задолжен за АКМИС е Иван Петров. Задолженото лице беше повикано и со него лично разговараа членовите на комисијата околу различни аспекти за организацијата на АКМИС-от и неговата примена во судот.

19. **Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2019, 2020 и 2021 година (175 став 5 СД).**

Надзорната комисија беше известена дека во целокупниот период кој се разгледува имало само една одлука за исклучување и една одлука за вклучување на судија. Се работело за случај кога судија заминал наподолготрајно боледување.

Исклучување се врши со образложена наредба на претседателот на судот, Су.бр. 171/21-2 од 29.11.2021 година и со образложена наредба се врши повторно вклучување, Су.бр.46/22 од 07.02.2022.

Исклучување на судии од распределба прави информатичарот во судот.

20. **Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС).**

Членовите на надзорната комисија беа известени дека месечните извештаи на работното тело се доставуваат до претседателот на судот, редовно. Во нив е дадена постапката за движење на предметите и за секој стар предмет се дава кратко образложение со причини за одложување.

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

21. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради иземање на судија, и одлуките за изземање за 2019, 2020 и 2021 година

Иземањето на судија се врши со Решение кое е образложено, по што преку АКМИС-от се прераспределува предметот (пр.СУ. ИЗЗ бр.4/19 од 18.02.2019 година, СУ. ИЗЗ бр.3/19 од 08.02.2019 година, СУ. ИЗЗ бр.17/20 од 14.12.2022 година, СУ. ИЗЗ бр.8/20 од 19.06.2020 година, СУ. ИЗЗ бр.4/20 од 27.01.2020 година и СУ. ИЗЗ бр.9/21 од 01.07.2021 година).

По предмети по кој постапува само еден судија распределбата се движи кон наведениот судија, преку АКМИС.

22. План за годишен одмор на судиите, за 2019, 2020 и 2021 година 115 СД)

Надзорната комисија беше информирана дека на колегиум се прави записник за планот за годишен одмор и врз основа на писмени изјави од сите судии се изготвуваат решенијата за годишен одмор.

За време на летните одмори судиите не се исклучуваат од АКМИС, освен во случај на распоредување на итен предмет кој се насочува кон дежурен судија.

23. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот.

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците од 2019, 2020 и 2021 година.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени на автоматска распределба и тоа: УПП, СУ-СТР-ДОВ, СУ-ИЗЗ, СУ-ДОВ, СУ-07, СУ-06, СУ-05, СУ-04, СУ-03, СУ-02, СУ-01, СУ,СПИ, РПП, К-ПП, КНЗД, КС, КСП, КС-КР, КП, УО, К-ПОВ, КСМ, КПМ, УО-КМ, КР, ПРК-Р, КУИКП,КУИКМ, ПК, К-ООА, СТ, Л, СТ-П1, СТ-П4, СТ-МАЛВП, СТ-МАЛВ-ТС, СТ-РО, СТ-ТС, ЗАВ-С, ЗАВ-Х, ЗАМ-С, но постојат и уписници по кои постапува само еден судија и тоа: УПП, СУ-СТР-ДОВ, СУ-ИЗЗ, СУ-ДОВ, СУ-07, СУ-06, СУ-05, СУ-04, СУ-03, СУ-02, СУ-01, СУ,СПИ, РПП, К-ПП, КНЗД, КС, КСП, КС-КР, КП, УО, К-ПОВ, КСМ, КПМ, УО-КМ, КР, ПРК-Р, КУИКП,КУИКМ, ПК, К-ООА, СТ, Л, СТ-П1, СТ-П4, СТ-МАЛВП, СТ-МАЛВ-ТС, СТ-РО, СТ-ТС, ЗАВ-С, ЗАВ-Х, ЗАМ-С и упусник по кој постапува само претседателот на судот е ИДС.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Уписниците од Судска управа по кои постапува претседателот на судот се водат во АКМИС, но исто така и актите се изготвуваат во АКМИС.

Редовните предмети се распределуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска распределба, освен поврзаните предмети, итните предмети и уписниците за кои е доделен само еден судија.

24. **Сите одлуки за рачна распределба на предмети, од АКМИС за 2019, 2020 и 2021 година.**

Претседателот на судот ги извести членовите на Надзорната комисија дека нема одлуки за рачна распределба на предмети.

25. **Преглед на информатичката опрема со која располага судот.**

На Надзорната комисија и беше доставен на увид список на информатичка опрема со која располага Основниот суд Гевгелија. Бевме информирани дека во судот е доставен нов сервер и два нови скенери кои ги задоволуваат потребите на судот. Исто така, комисијата беше информирана дека судот има потреба од нови персонални компјутери за непречено функционирање. Редовно зачувување на потребните резервни копии на податоци се врши на екстерен уред.

***ПРЕПОРАКА: ИТНО да се стави во функција новиот сервер за да се овозможи непречено функционирање на АКМИС-от и да се набават персонални компјутери за потребите на судот.***

26. **Скенирање на влезни документи**

Надзорната комисија беше информирана дека влезните документи во Основниот суд во Гевгелија се скенираат, односно дека сета документација се скенира.

27. **Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник.**

Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14.00 часот, а итните предмети се распоредуваат веднаш. Исто така, на денот на надзорот немаше нераспределени предмети со датум на внес постар од тековниот. Автоматската распределба и прераспределба на предметите се врши од страна на уписничарите во судот во соодветниот оддел.

Исто така, на денот на надзорот при проверка на Контролниците беа воочени по две распределби на ист датум кои се практикуваат заради различни причини и тоа:
По случаен избор се избрани следните предмети:

КС-КР 12/19 од 04.02.2019 - По уписникот КС-КР според годишниот распоред постапува само Претседателот на судот но во случајот иако постапува само еден судија уписникот бил сетиран со автоматска распределба и истото е корегирано.

На ден 26.02.2019 година е направена автоматска прераспределба на веќе дадената автоматска распределба за која не се познати причините за истата на сегашниот претседател на судот бидејќи во тој период не ја извршувал функцијата на претседател на ОС Гевгелија. Исто така, информатичарот не бил вработен во судот во тој период.

На ден 05.02.2020-Предметот К-ПП 16/19 на истиот е дадена автоматска распределба но според праксата доколку итен предмет се заведе после 14.00 часот се доделува на дежурниот судија.

На ден 26.02.2020 година е направена автоматска распределба на предметите (на пример.ИСАМ-266/20, ИСАМ-245/20, ИСАМ-232/20) во период надвор од работното време во период од 17.00 до 19.30 часот со корисничко име и лозинка на одреден судски службеник, но со најава на истиот од друг персонален компјутер на кој работел друг судски службеник.

На ден 03.12.2021 - Предметот ПРК-С 704/21 е од итна природа и дадена е автоматска распределба во 11:36 часот, предметот е распределен во работно време кога сите судии кои постапуваат по тој уписник се на работа.

***ПРЕПОРАКА: Судскиот совет да оцени дали постои основ за поведување на постапка за одговорност за претходниот претседател на Основниот суд Гевгелија.***


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

28. **Објавен број на анонимизирани судски одлуки на судски веб порталот во однос на вкупен број одлуки донесени во судот.**

Надзораната комисија беше информирана дека во судот се објавуваат анонимизирани одлуки на судскиот веб портал и тоа: во 2019 година се објавени 448 анонимизирани одлуки, во 2020 година се објавени 587 анонимизирани одлуки и во 2021 година се објавени 547 одлуки.

29. **Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Надзорната комисија беше информирана дека електронското прифаќање на предметите од страна на судиите се врши редовно.

30. **Уписници што се водат во хартиена форма**

Надзорната комисија беше информирана дека во Основниот суд во Гевгелија СУ уписниците се водат во електронска форма. Во судот нема уписници кои се водат во хартиена форма.

Увидот заврши на ден 08.11.2022 година во 16:10 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk